Службен гласник
на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 9
22 јуни 2026 година

СОДРЖИНА

| Р. бр. | | страна |
| --- | --- | --- |
| 404. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 655 |
| 405. | Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 655 |
| 406. | Решение за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Штип. | 656 |
| 407. | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Штип. | 656 |
| 408. | Решение за објавување на Одлука за партиципирање во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина за 2026 година. | 657 |

| | | |
|---|---|---|
| 409. | Одлука за партиципирање во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина за 2026 година | 658 |
| 410. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за членарина на Општина Штип за членство во „АСТЕ-Асоцијација на европски текстилни колективи“. | 659 |
| 411. | Одлука за одобрување на финансиски средства за членарина на Општина Штип за членство во „АСТЕ-Асоцијација на европски текстилни колективи“. | 660 |
| 412. | Решение за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Штип и Општина Делчево. | 660 |
| 413. | Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Штип и Општина Делчево. | 661 |
| 414. | Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип. | 662 |
| 415. | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип. | 662 |
| 416. | Решение за објавување на Одлука за отпочнување постапка за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб„Брегалница 2008„АД-Штип. | 664 |
| 417. | Одлука за отпочнување постапка за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб„Брегалница 2008„АД-Штип. | 664 |
| 418. | Решение за објавување на Одлука за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 670 |
| 419. | Одлука за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 670 |
| 420. | Решение за објавување на Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште. | 672 |
| 421. | Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште. | 672 |
| 422. | Решение за објавување на Одлука за статусни измени на ООУ,,Гоце Делчев“ – Штип. | 673 |

| | | |
|---|---|---|
| 423. | Одлука за статусни измени на ООУ,,Гоце Делчев“ – Штип. | 674 |
| 424. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на дополнување на годишниот план за вработување на ЈП„Стипион 2011“Штип за 2026 година. | 675 |
| 425. | Одлука за давање согласност на дополнување на годишниот план за вработување на ЈП„Стипион 2011“ Штип за 2026 година. | 675 |
| 426. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Штип. | 676 |
| 427. | Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Штип. | 677 |
| 428. | Решение за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Штип за 2026 година. | 677 |
| 429. | Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Штип за 2026 година. | 678 |
| 430. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на одлуката на управниот одбор на ОУК „Дом на млади“ Штип за дополнителни финансиски средства за реализација на програмски активности за 2026 година. | 679 |
| 431. | Одлука за давање согласност на одлуката на управниот одбор на ОУК „Дом на млади“ Штип за дополнителни финансиски средства за реализација на програмски активности за 2026 година. | 680 |
| 432. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за формирање на ГП 02.04.01.02 од ГП 02.04.01 и ГП 02.04.02 од ДУП за блокови ЈИ 01.01 и ЈИ 02.04 општина Штип за плански период од 2023-2038 со тех. број 102/23 од август 2025 година. | 680 |
| 433. | Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за формирање на ГП 02.04.01.02 од ГП 02.04.01 и ГП 02.04.02 од ДУП за блокови ЈИ 01.01 и ЈИ 02.04 општина Штип за плански период од 2023-2038 со тех. број 102/23 од август 2025 година. | 681 |
| 434. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за формирање на ГП 02.04.03.04 од ГП 02.04.03 и ГП 02.04.04 од ДУП за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04 општина Штип за плански период од 2023-2038 со тех. број 102/23 од август 2025 година. | 682 |

| | | |
|---|---|---|
| 435. | Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за формирање на ГП 02.04.03.04 од ГП 02.04.03 и ГП 02.04.04 од ДУП за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04 општина Штип за плански период од 2023-2038 со тех. број 102/23 од август 2025 година. | 682 |
| 436. | Решение за објавување на Одлука за давање на согласност на одлуката за отуѓување на движни ствари по пат на продажба. | 683 |
| 437. | Одлука за давање на согласност на одлуката за отуѓување на движни ствари по пат на продажба. | 684 |
| 438. | Одлука за отуѓување на движни ствари по пат на продажба. | 684 |
| 439. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“ Штип со финансиски показатели за период од 01.01.-31.03.2026 година. | 686 |
| 440. | Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“ Штип со финансиски показатели за период од 01.01.-31.03.2026 година. | 687 |
| 441. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“ Штип за одржување на јавната чистота со финансиски показатели за период од 01.01.-31.03.2026 година. | 687 |
| 442. | Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“ Штип за одржување на јавната чистота со финансиски показатели за период од 01.01.-31.03.2026 година. | 688 |
| 443. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели по програмата за уредување на градежно земјиште од 01.01.-31.03.2026 година. | 688 |
| 444. | Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели по програмата за уредување на градежно земјиште од 01.01.-31.03.2026 година. | 689 |
| 445. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„ Стипион 2011 “ Штип со финансиски показатели по програмата за одржување на локални патишта и улици од 01.01.-31.03.2026 година. | 690 |
| 446. | Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„ Стипион 2011 “ Штип со финансиски показатели по програмата за одржување на локални патишта и улици од 01.01.-31.03.2026 година. | 690 |

| | | |
|---|---|---|
| 447. | Решение за објавување на Заклучок за усвокување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„ Стипион 2011 “ Штип со финансиски показатели по програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови од 01.01.-31.03.2026 година. | 691 |
| 448. | Заклучок за усвокување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„ Стипион 2011 “ Штип со финансиски показатели по програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови од 01.01.-31.03.2026 година. | 692 |
| 449. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели по програмата за користење на јавниот простор за паркирање од 01.01-31.03.2026 година. | 692 |
| 450. | Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели по програмата за користење на јавниот простор за паркирање од 01.01-31.03.2026 година. | 693 |
| 451. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„ Стипион 2011 “ Штип со финансиски показатели по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци од 01.01.-31.03.2026 година. | 694 |
| 452. | Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за работењето на ЈП„ Стипион 2011 “ Штип со финансиски показатели по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци од 01.01.-31.03.2026 година. | 694 |
| 453. | Решение за објавување на Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во управен одбор на јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип. | 695 |
| 454. | Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во управен одбор на јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип. | 696 |
| 455. | Решение за објавување на Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор на јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип. | 697 |
| 456. | Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор на јавното претпријатие | 697 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Стипион 2011“ Штип. | |
| 457. | Решение за објавување на Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во управен одбор на јавното претпријатие „Исар“ Штип. | 698 |
| 458. | Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во управен одбор на јавното претпријатие „Исар“ Штип. | 699 |
| 459. | Решение за објавување на Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор на јавното претпријатие „Исар“ Штип. | 700 |
| 460. | Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор на јавното претпријатие „Исар“ Штип. | 700 |
| 461. | Решение за објавување на Одлука за формирање на комисија за селекција на членови во Управен и Надзорен одбор на јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип. | 701 |
| 462. | Одлука за формирање на комисија за селекција на членови во Управен и Надзорен одбор на јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип. | 702 |
| 463. | Решение за објавување на Одлука за формирање на комисија за селекција на членови во Управен и надзорен одбор на на јавното претпријатие „Исар“ Штип. | 703 |
| 464. | Одлука за формирање на комисија за селекција на членови во Управен и надзорен одбор на на јавното претпријатие „Исар“ Штип. | 704 |
| 465. | Решение за објавување на Програма за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2026 година. | 705 |
| 466. | Програма за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2026 година. | 705 |
| 467. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип, за период од ноември 2025 до март 2026 година. | 713 |
| 468. | Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип, за период од ноември 2025 до март 2026 година. | 713 |

| | | |
|---|---|---|
| 469. | Решение за објавување на Одлука за давање на согласност за формирање на две паралелки за продолжен престој од I до III одделение во ООУ„Славејко Арсов“ Штип. | 714 |
| 470. | Одлука за давање на согласност за формирање на две паралелки за продолжен престој од I до III одделение во ООУ„Славејко Арсов“ Штип. | 714 |
| 471. | Решение за објавување на Одлука за финансиска поддршка за одржување на културен настан по повод „Денот на Власите“. | 715 |
| 472. | Одлука за финансиска поддршка за одржување на културен настан по повод „Денот на Власите“. | 716 |
| 473. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за снимање на аудио и видео запис на музика за хармоники. | 716 |
| 474. | Одлука за одобрување финансиски средства за снимање на аудио и видео запис на музика за хармоники. | 717 |
| 475. | Решение за утврдување престанок на функцијата вршител на должноста директор на Општинско основно училиште „Тошо Арсов“-Штип. | 718 |
| 476. | Решение за именување на вршител на должноста директор на Општинско основно училиште„Тошо Арсов“-Штип. | 719 |
| 477. | Решение за разрешување од функцијата вршител на должноста директор на Општинско основно училиште „Тошо Арсов“-Штип. | 720 |
| 478. | Решение за именување на вршител на должноста директор на Општинско основно училиште„Тошо Арсов“-Штип. | 721 |

404.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4414/2 Општина Штип
22 јуни 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

405.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на

- Елизабета Заркова во висина од 8.000,00 денари,
- Цветан Ангелов во висина од 8.000,00 денари,
- Соња Јовановска во висина од 8.000,00 денари,
- Ацо Тасевски во висина од 8.000,00 денари,
- Орце Илијев во висина од 8.000,00 денари,
- Соња Ѓорѓиева во висина од 8.000,00 денари,
- Драгица Митева во висина од 8.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 –4414/1 | Совет на Општина Штип
19 јуни 2026 година | Претседател

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

406.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4415/2 | Општина Штип
22 јуни 2026 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

407.

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на РМ” број 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16, и („Службен весник на РСМ број 31/20, 16/25”) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и

5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ
НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се продолжува работното време на угостителските објекти содржани во член 23 став 1 од Законот за угостителска дејност за 2 (два) часа во деновите од 26ти до 28ти јуни, за време на одржувањето на манифестацијата Д-ФЕСТИВАЛ Штип 2026.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4415 /1 Совет на Општина Штип
19 јуни 2026 година Претседател

Штип Весна Кожинкова, с.р.

408.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПАРТИЦИПИРАЊЕ ВО ТРОШОЦИТЕ
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ
НА ПОВРАТНАТА ВЕНДИНГ МАШИНА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за партиципирање во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4416/2
22 јуни 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

409.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПАРТИЦИПИРАЊЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРАТНАТА ВЕНДИНГ МАШИНА

Член 1

Општина Штип ќе партиципира во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина со годишен паричен износ од 1.000.000,00 денари *(еден милион денари)*, за 2026 година.

Општина Штип нема обврска да го трансферира вкупниот износ од став 1 на овој член, туку истото ќе го направи врз основа на реално остварени зелени поени, за што од страна на ПАКОМАК ДОО Скопје ќе биде доставена соодветна финансиска документација.

Паричниот износ Општина Штип ќе го исплаќа на ПАКОМАК ДОО Скопје на сметка бр.250001002708705 депонент Шпаркасе Банка по издадена фактура од страна на ПАКОМАК ДОО Скопје.

Член 3

Доколку вкупниот паричен износ за финансирање на вредноста на зелени поени доделени на годишно ниво, го надмине износот од 1.000.000,00 денари *(еден милион денари),* субвенциониран од страна на општина Штип, ПАКОМАК ДОО Скопје ќе го преземе финасирањето на зелените поени во вкупен износ од 1 денар до истекот на дванаесет месеци, при што општина Штип ќе уплати една половина од износот финансиран од ПАКОМАК ДОО по доставена фактура и спецификација за вкупниот број на доделени зелени поени за период во кои ПАКОМАК ДОО Скопје  го има преземено финасирањето на зелените поени во вкупен износ.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на општина Штип, за соработката по основ на оваа Одлука, да склучи посебен договор со ПАКОМАК ДОО Скопје.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4416 /1 Совет на Општина Штип
19 јуни 2026 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова,с.р.

410.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЧЛАНАРИНА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ЧЛЕНСТВО ВО „АСТЕ - АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ ТЕКСТИЛНИ КОЛЕКТИВИ“

I

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за членарина на Општина Штип за членство во „АСТЕ-Асоцијација на европски текстилни колективи“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4417/2 Општина Штип
22 јуни 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

411.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА
ЧЛЕНАРИНА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ЧЛЕНСТВО ВО
„АСТЕ – АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ ТЕКСТИЛНИ КОЛЕКТИВИ“

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 1.400,00 Евра на име членарина на Општина Штип за членство во АСТЕ - Асоцијација на европски текстилни колективи“.

Член 2

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 4417/1 | Совет на Општина Штип |
| 19 јуни 2026 година | Претседател |
| Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р. |

412.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Штип и Општина Делчево.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4418/2
22 јуни 2026 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

413.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ број 79/09), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

### Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Делчево заради заедничко вршење на работите од надлежност на општините кои се однесуваат на вршење на работи од областа на општински инспектор за патишта и општински инспектор за домување од Секторот за инспекциски работи од општина Штип за потребите на Општина Делчево

### Член 2

Меѓуопштинска соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4418 /1
19 јуни 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

414.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР
ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4419/2 | Општина Штип
22 јуни 2026 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

415.

Врз основа на член 96 став 2 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен Гласник на Општина Штип“ број 16/16) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина („Службен Гласник на Општина Штип“ број 01/03,18/07,11/08,07/09, 16/09,4/11,13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ
НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

Член 1

Во Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип („Службен Гласник на Општина Штип“ број 21/25 и 5/26) во член 4 зона А, реон 4, во табелата во реден број 2, во колоната ,,Потег” зборовите ,,улица Тошо Арсов” се бришат.

Во колоната ,,Вид на паркирање”, паркинг - ,,хотел Оаза (60˚), паркинг - ,,хотел Оаза (90˚) и паркинг - ,,хотел Оаза (180˚)” се бришат.

Во колоната ,,број на паркинг места”, броевите 41,12 и 13 се бришат.

Член 2

Во член 4 од одлуката, во табелата за зона А, реон 4 во редниот број 2 во колоната ,,Потег” се додава нов реден број 2.1 кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ул. Тошо Арсов | Паркинг – ,,хотел Оаза (60˚)<br>Паркинг – ,,хотел Оаза (90˚)<br>Паркинг – ,,хотел Оаза (180˚) | 41<br>12<br>13 |

Член 3

Во член 4 од одлуката, во табелата за зона А, реон 4 во колоната ,,Потег” се додава нов реден број 2.2 кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ул. Кузман Јосифовски | Под – (90˚) | 4 |

Член 4

Во член 4 од одлуката, во зона Б, се додава нов реон 7, кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ул. Крсте Петков Мисирков | надолжно – улично | 20 |

Член 5

Во член 4 од одлуката, во зона Б, се додава нов реон 8, кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ул. Анте Банина | Под – (90˚) | 40 |

Член 6

Во член 9 од одлуката, во став 2 точката 1 се менува и гласи:
,,1. Од понеделник до сабота – од 07,00 до 22,00 часот”.

Во член 9 од одлуката, во став 2 точката 2 се брише:
Во член 9 од Одлуката во став 3 зборовите ,,и 2”се бришат.

Член 7

Во член 11 од одлуката. Во став 11 по зборовите ,,Зона А” се додаваат зборовите ,,и Зона Б по реони”.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4419/ 1
19 јуни 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

416.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ ОД АКЦИИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ„БРЕГАЛНИЦА 2008„АД-ШТИП

I

Се објавува Одлука за отпочнување постапка за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб„Брегалница 2008„АД-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4420/2 Општина Штип
22 јуни 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

417.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а во врска со член 64 и 66 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), член 3 и член 81 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/05, 07/07, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18, 83/18, 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ ОД АКЦИИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува продажба на 51% (педесет и еден процент)од вкупните акции во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип.

Продажбата ќе се изврши преку постапка, согласно одредбите на Законот за хартии од вредност и подзаконските акти.

Член 2

Цената на акциите сопственост на Општина Штип ќе се утврди во постапка согласно Законот за хартии од вредност, преку овластен брокер и берза.

Член 3

Продажбата на акции ќе се изврши директно на Берзата согласно Законот за хартии од вредност.

Член 4

Општина Штип ги продава акциите во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип под следните услови кои ќе бидат составен дел од договорот за пренос на акции:

***Име***

1. Официјалното име на клубот мора трајно да го содржи зборот „Брегалница“. Седиштето на Друштвото не може да се премести во друга општина или држава без претходна писмена согласност од Општина Штип;

***Парични влогови и обврски***

2. Минималните годишни придонеси за финансирање на тековното работење на клубот на Општина Штип и малцински акционер во клубот во текот на една календарска година треба да изнесува 15.000.000,00 денари доколку клубот се натпреварува во Прва фудбалска лига и 9.000.000,00 денари доколку клубот се натпреварува во Втора фудбалска лига. Плаќањето ќе се врши квартално, за период од 10 (десет) години;
3. Минималните годишни придонеси за финансирање на тековното работење на клубот на купувачот и мнозински акционер во клубот во текот на една календарска година треба да изнесува 30.000.000,00 денари доколку клубот се натпреварува во Прва фудбалска лига и 15.000.000,00 денари доколку клубот се натпреварува во Втора фудбалска лига, за период од 10 (десет) години;
4. Финансиските придонеси обезбедени од акционерите за тековното работење на Друштвото не претставуваат вложување во основната главнина и не создаваат право на дополнителни акции или право на дополнителна дивиденда, за период од 10 (десет) години;
5. Доколку продавачот и малцински акционер во клубот не го исплаќа паричниот придонес последователно 1 квартал, купувачот и мнозински акционер има право да поведе судска постапка против продавачот и малцински акционер, согласно законската регулатива во Република Северна Македонија и меѓународни арбитражни судови;

6. Доколку купувачот и мнозински акционер во клубот не ги сервисира тековните расходи последователно 4 месеци и покрај доставена опомена, Општина Штип има право да ги купи акциите на мнозинскиот акционер, по цената по која ги има продадено, согласно Законот за хартии од вредност;
7. Сите трошоци за нормално функционирање на клубот (вклучително одржувањето на натпреварите, трошоците за работа, платите на вработените и ангажираните лица, функционирањето на клубот, трансфери, регистрации, патувања и сл.) паѓаат на товар на купувачот и мнозински акционер;
8. Општина Штип нема да учествува во донесувањето одлуки поврзани со спортско-стручниот дел од работењето на Друштвото, вклучително и изборот на играчи, тренери, стручен штаб и други прашања поврзани со спортските активности на клубот. Овие одлуки се во надлежност на мнозинскиот акционер;
9. Трошоците за одржување на тревната површина, електрична енергија и другите комунални расходи за Градскиот стадион и постојните придружни објекти остануваат на товар на Општина Штип. Износот на овие трошоци утврден во годишната сметка и финансиските извештаи ќе се смета за годишен финансиски придонес на Општина Штип за тековното работење на Друштвото и ќе учествува во распределбата на остварената добивка на ист начин како и останатите финансиски придонеси на акционерите, согласно одредбите од договорот меѓу акционерите;
10. Градоначалникот на Општина Штип ќе делегира претставник во органите на управување на Друштвото, кој ќе поднесува писмен извештај до Советот на Општина Штип најмалку еднаш годишно;

***Право и начин на распределба на добивка***

11. По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, истата во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип ќе се распоредува согласно одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото;
12. По покривање на законските резерви и другите обврски утврдени со закон, добивката остварена по основ на трансфери на играчи може да се користи за надоместување на финансиските придонеси на акционерите во сооднос од 20% за Општина Штип и 80% за купувачот, во период од 10 (десет) години од денот на стекнувањето на акциите од страна на купувачот;
13. Добивката остварена од други извори може да се користи за надоместување на финансиските придонеси на акционерите сразмерно на нивното учество во вкупниот финансиски придонес обезбеден во претходната деловна година, во период од 10 (десет) години од денот на стекнувањето на акциите од страна на купувачот;
14. Доколку добивката во тековната деловна година не е доволна за целосно надоместување на финансиските придонеси согласно ставовите од претходната точка, ненадоместениот дел не се пренесува како обврска на Друштвото во наредните деловни години;
15. Износот што припаѓа на купувачот по основ на надоместување на финансискиот придонес може да биде исплатен на купувачот;

16. Износот што припаѓа на Општина Штип по основ на надоместување на финансискиот придонес не се исплаќа на сметка на Општина Штип, туку останува во Друштвото и се евидентира како дополнителен финансиски придонес на Општина Штип, независно од редовниот годишен финансиски придонес утврден со оваа Одлука, наменет за развој на клубот и реализација на програмските активности на Друштвото;
17. По истекот на периодот од 10 (десет) години, добивката на Друштвото ќе се распределува согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Друштвото и одлуките на Собранието на акционери;
18. Доколку остварената добивка не е доволна за целосно надоместување на финансиските придонеси на акционерите во тековната деловна година, ненамирениотдел од финансиските придонеси не се пренесува како обврска на Друштвото во наредните деловни години и за истиот не може да се истакнува какво било побарување кон Друштвото;
19. При остварување добивка, Собранието на акционери не може да донесе одлука со која целокупната добивка ќе остане нераспределена повеќе од две последователни деловни години без согласност на сите акционери;
20. Пред распоредувањето на добивката, Друштвото е должно да формира и надополни законски резерви и други обврзувачки резерви утврдени со закон и Статутот, како и да обезбеди покривање на загуби од претходни години ако е потребно;
21. Исплатата на добивката ќе се изврши во рокот и на начин утврден со одлуката на Собранието на акционери, или најдоцна во рок од девет месеца по завршувањето на деловната година. Исплатата може да се реализира преку банка или друг начин утврден со акционерски договор или одлука на Собранието;
22. За периодот на важење на договорот, добивката не се распределува како дивиденда на акционерите;

***Младински клубови***

23. Купувачот ќе настојува да го обезбеди континуираното функционирање и развој на клубот заедно со постојните младински категории и во рок од три месеци од стекнувањето на акциите ќе подготви насоки и активности за развој на младинската школа и младинските категории на клубот;
24. Купувачот ќе воспоставува и поттикнува соработка со фудбалските клубови од територијата на Општина Штип, со цел создавање услови за развој, едукација и спортско напредување на младите фудбалерипреку склучување на договори за спортска и развојна соработка, со цел создавање услови за развој и напредување на младите фудбалери.
25. Купувачот ќе обезбеди можност за следење и спортска евалуација на фудбалерите од младинските школи на територијата на Општина Штип кои ги исполнуваат потребните спортски критериуми, согласно потребите на клубот и важечките прописи, со цел нивно понатамошно вклучување во селекциите на Друштвото, согласно спортските потреби на клубот и важечките прописи на Фудбалската федерација на Македонија;

***Користење и инвестиции во инфраструктурата***

26. Првенство на користење на Градскиот стадион има Фудбалска Федерација на Македонија, согласно веќе склучениот договор помеѓу Општина Штип и Фудбалска Федерација на Македонија;
27. Користењето на Градскиот стадион со придружните просториинадвор од обврските од точка 26на овој член купувачот на пакетот акции има право да го врши без месечен надоместок кон Општина Штип;
28. Користењето на стадионите Суитлак и Бело Брдо со придружните просториикупувачот на пакетот акции има право да го врши без месечен надоместок кон Општина Штип;
29. Купувачот на акциите се обврзува да овозможи на Општина Штип да организира сопствени и други видови на активности на Градскиот стадион со придружните простории, како и на стадионите Суитлак и Бело Брдо со придружните простории. Општината е должна да го извести купувачот за планираните активности најмалку 3 дена однапред, во писмена форма.
30. Во случај на причинување на штета на објектите, инсталациите, опремата или инвентарот како директна последица од активностите на Општина Штип, Општината има обврска во целост да ја надомести причинетата штета на купувачот, и тоа во рок од 60 дена од денот на доставување на писмено барање и соодветна документација за утврдената штета.
31. Купувачот на пакетот акции има обврска да инвестира во развојот на Градскиот стадион во Општина Штип;
32. Доколку Општина Штип самостојно утврди потреба од изградба, реконструкција, надградба и слични инфраструктирни зафати на спортските терени кои се споменати во оваа одлука, Општина Штип за својата намера ќе го извести мнозинскиот акционер;
33. Сите обврски на клубот направени пред преземање на клубот од страна на купувачот на пакетот акции, се обврска на Општина Штип;

***Пренесување на акции***

34. Доколку Друштвото, поради спортски резултати, го изгуби статусот на член на Втората македонска фудбалска лига и се натпреварува во Трета или пониска лига, купувачот е должен, по писмено барање на Општина Штип, да ги пренесе на Општина Штип акциите стекнати согласно оваа Одлука, за надоместок еднаков на износот по кој истите биле стекнати, согласно прописите што го регулираат прометот со хартии од вредност;
35. Доколку Општина Штип донесе одлука за отуѓување на дел или на сите преостанати акции во своја сопственост во Друштвото, должна е претходно писмено да ги понуди на сопственикот на мнозинскиот пакет акции по условите под кои има намера да ги отуѓи. Сопственикот на мнозинскиот пакет акции има право на првенствено купување и е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на понудата писмено да се изјасни дали ќе го искористи тоа право;
36. Доколку купувачот одлучи да се повлече од сопственичката структураи управувањето со Друштвото пред истекот на 10 (десет) години, должен е најпрво писмено да ги понуди на Општина Штип сите акции стекнати согласно оваа Одлука, по цена по која истите биле стекнати.Во случај Општина Штип да ја прифати понудата, купувачот е должен да ги пренесе акциите слободни од какви

било товари, заложни права, ограничувања или обврски кон трети лица, а Друштвото да го предаде без доспеани и неплатени обврски, освен обврски кои претходно биле писмено одобрени од Општина Штип.

37. Доколку купувачот има намера да отуѓи дел од акциите стекнати согласно оваа Одлука, должен е претходно писмено да ги понуди на Општина Штип по цена пропорционална на цената по која биле стекнати акциите.Општина Штип има право на првенствено купување на понудените акции и е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на понудата писмено да се изјасни дали ќе го искористи тоа право. Доколку Општина Штип не го искористи правото на првенствено купување во наведениот рок, купувачот може да ги отуѓи акциите на трето лице под услови кои не се поповолни од оние понудени на Општина Штип.
38. По истекот на периодот од 10 (десет) години од денот на стекнувањето на акциите согласно оваа Одлука, купувачот има право слободно да ги отуѓи сите или дел од акциите во своја сопственост по нивната пазарна вредност, согласно важечките прописи што го регулираат прометот со хартии од вредност и актите на Друштвото.Во случај на отуѓување на акциите, Општина Штип го задржува правото на првенствено купување под исти услови под кои акциите би биле понудени на трето лице.

***Завршни одредби***

39. Суштинските одлуки во Друштвото, како што се измени на Статутот, капитални промени, отуѓување на акции и слично, ќе се носат во зедничка согласност на акционерите;
40. Сите трошоци што ќе произлезат од постапката за продажба и пренос на акциите, вклучително и трошоците за брокерски услуги, Македонска берза, Централен депозитар за хартии од вредност, нотарски услуги, како и други непосредни трошоци поврзани со реализацијата на трансакцијата, ќе бидат на товар на купувачот;
